**ГОЦЕВА, Наташа**

**УДК:** 343.431(497.7)
343.343.62:343.9.024(497.7)

# ПРАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КРИУМЧАРЕЊЕ НА МИГРАНТИ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

**Апстракт**

Миграцијата е пракса која е постојана, ја има во секое општество. Причините за миграција можат да бидат економски, верски, етнички и политички. Се поголемиот страв од глобалниот процес на миграција најверојатно се смета за најголема закана за Европа во последно време. Криумчарењето мигранти и трговија со луѓе се два меѓусебно поврзани и сложени феномени кои претставуваат значителни предизвици за глобалната безбедност, човековите права, и меѓународната соработка.

***Клучни зборови:*** *Миграција, бегалска криза, човекови права, интеграција, солидарност.*

**GOCEVA Natasha**

**УДК:** 343.431(497.7)
343.343.62:343.9.024(497.7)

# LEGAL CHALLENGES IN DEALING WITH MIGRANT SMUGGLING AND HUMAN TRAFFICKING

**Abstract:** Migration is a practice that is constant and exists in every society. The reasons for migration can be economic, religious, ethnic, and political. The greater fear of the global migration process is likely considered the biggest threat to Europe recently. Smuggling of migrants and human trafficking are two interconnected and complex phenomena that pose significant challenges to global security, human rights, and international cooperation.

**Keywords:** migration, refugee crisis, human rights, integration, social

## ВОВЕД

Миграцијата е природен феномен. Во битието на човекот е потрагата за подобри услови за живот кои ја поттикнуваат потребата за самоодржување. Миграцијата постоела отсекогаш и секогаш ќе ја има. Меѓутоа таа ќе се менува како што се менуваат причините, манифестирањето, обемот, насоките, а со тоа и последиците по човечката, националната и меѓународна безбедност.

Денес во модерно време светот, а пред сѐ Европа се соочува со сериозни контрадикторности. Од една страна слобода на глобалното движење на луѓето, стока и капитал, а од друга страна ограничувањето на економските мигранти, бегалци и азиланти од подрачјето на Централна Европа, чие слободно движење е ограничено

поради наводна закана по интересите на европските држави што е спротивно на демократските насоки.

Европа отсекогаш била дом за мигрантите од сите континенти, имајќи предвид дека во континуитет имала потреба од евтина работна сила[1].

Масовната миграција во 2015 година ги поттикна европските држави да си ја преиспитаат својата гостопримливост и да реагираат доколку дојде во прашање заштита на националните интереси. Последица од тоа е рестриктивна миграциска политика, задржување на мигрантите на границите помеѓу транзитните земји и нивно насочување кон трети држави. Во целата ситуација најголема штета имаа мигрантите, бидејќи не можеа да си ги остварат основните права на слободно движење.[2] Погодени од рестриктивната политика на земјите беа принудени да се свртат кон нелегалните рути за да дојдат до крајната дестинација, свесни дека се под голем ризик да станат жртви на насилство, експлоатација, изнудување или други видови на злоупотреба од организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе како дел од организиран криминал. И по затворањето на балканската рута во март 2016 година засилени се обидите за нелегален влез на мигранти како и вршењето на кривичните дела од мигрантите и кон мигрантите, особено вршењето на делата трговија со луѓе и криумчарење мигранти.[3]

Тоа е комплексен, општествен, повеќедимензионален криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на жрвтите.

Иако светот се бори со овој феномен, сепак секогаш се поставува прашањето дали државите меѓу кои и РСМ, како дел од Балканската рута доволно се ангажираат за да ја  заштитат оваа категорија на луѓе.

**Кривично правни импликации од мигрантската криза**

Со пристигнувањето на речиси еден милион лица од кризните подрачја на Балканската рута во 2015 и 2016 година Република Северна Македонија и државите од регионот се соочија со масовен прилив на бегалци и мигранти. Со затварањето на границите долж балканската рута, транзитот на бегалците и мигрантите продолжи преку нелегални рути со намален интензитет, но зголемен ризик да станат жртви на насилство, експлоатација, изнудување или други видови на злоупотреба од организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. На тој начин стануваат жртви на физичко насилство, закани, незаконско лишување од слобода, измами, разбојништво и изнудување. И по затварање на Балканската рута мигрантите продолжија да се обидуваат илегално, самостојно или со помош на криумчари, да транзитираат низ Македонија кон север, а потоа кон посакуваната дестинација користејќи ја истата рута.

Ризиците и последиците кои ги носи криумчарењето мигранти не ја исклучува можноста, мигрантите да станат жртва на трговија со луѓе, а со тоа и еден од следните видови на експлоатација: порнографија, ситен криминал, сексуална експлоатација,

[1]Baričević, V. (2015). Izbjeglička i migracijska pitanja kao izvor trajne krize Europske unije: neuspjeh europskih politika azila i migracija. Političke analize, 6(23), 3-14.

[2] Мијалкович С. Петрович И. – Безбедносни ризици савремених миграција,2016, Универзитет Унион, "Никола Тесла", Београд, стр.2

[3] Максимова Е, Кошевалиска О, Нанев Л, Криминолошка опсервација од Европската мигрантска криза 2020, стр.2

питачење, трговија со ткива, клетки и органи итн. Овие се всушности најчестите кривични дела за кои нерегуларните мигранти ги известиле граѓанските организации на терен, но речиси во ниеден случај не се одлучиле да поднесат пријава за сторените кривични дела избегнувајќи да се задржуваат на територијата на РСМ. Во вакви околности, главен предизвик, па според мене и должност на државите долж рутата била како да се обезбеди заштита за лицата кои биле затекнати на нивна територија.

**Кривични дела вршени од мигранти**

Движејќи се по нерегуларните рути секој мигрант покрај тоа што станува жртва на кривични дела трговија со луѓе, криумчарење на мигранти, многу често се принудени и сами да вршат кривични дела сè со цел да не се задржуваат во транзитната земја. Многу често мигрантите ги избегнуваат контролите на државните граници најчесто со измама на претставниците на граничните служби скриени во возила.

Понатаму многу често вршат фалсификување на исправа со невистинита содржина, кривични дела против имотот-кражба, тешка кражба, разбојништво, одземање моторно возило, оштетување туѓи предмети. Други кривични дела што мигрантите се принудени да ги вршат се: насилство, телесна повреда, тешка телесна повреда или кривични дела што имаат за последица лишување од живот на трговецот, неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги или неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распраскувачки материи итн. Освен кривични дела овие лица вршат и прекршоци како што се прекршоци против јавниот ред и мир, питачење, прекршоци што можат да му се изречат на странец-незаконски влез, бришење или промена на податоци на виза и други.

**Кривични дела вршени кон мигранти**

По затворање на границата долж Балканската рута, во неможност да транзитираат регуларно кон државите кои беа нивна крајна дестинација, бегалците и мигрантите се насочија кон нерегуларните рути на миграција. На овој начин речиси секој мигрант, бегалец имајќи намера да продолжи кон државите од Европската Унија беше под голем ризик да стане жртва на криумчарење и трговија со луѓе[4]. Нерегуларните или илегални мигранти се од различен родов состав. Во 2016 година помеѓу нерегуларните мигранти кои транзитираа низ РСМ најмногу се возрасни машки лица, а покрај жените и непридружувани деца како особено ранлива категорија за кои постои висок ризик да се јават како жртва на трговија со луѓе. Како ранлива категорија лица се јавуваат стари лица, лица со попреченост, деца, бремени жени, жени и девојки, родител со деца, ЛГБТИ и жртви на трговија со луѓе. Со ризикот на трговија со луѓе тие се жртва и на некој вид експлоатација како сексуална експлоатација, питачење, принудна трудова експлоатација, порнографија, трговија со ткива, клетки или органи, ситен криминал. Во исто време можат да станат и жртва на физичко насилство, незаконско лишување од слобода, закани, измами, изнудување, разбојништво. Оваа категорија на луѓе често се жртви и на други кривични дела но информациите за нив се ограничени од причина што не сакаат да се задржуваат подолго време на транзитната територија доколку се

[4] Извештај, Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија, 2019. Скопје. Македонско здружение на млади правници, стр.39©ASSOCIATIONCOPYRIGHT

започне со некаква постапка. Експлоатацијата на мигрантите, како што спомнавме вклучува сексуална експлоатација, присилна работа и киднапирање. Киднапирањето, изнудувањето како и принудувањето мигрантите да вршат активности за потребите на криумчарењето се најчести.[5]

**Криумчарење на мигранти**

Криумчарењето е поврзано со илегалната миграција и претставува облик на професионален криминал кој се состои во пренесување на роба преку државни граници избегнувајќи ги царинските контроли. Криумчарењето мигранти е кривично дело против државата и само по себе не претставува повреда на човеково право, но може да е поврзано со голем број на ризици по определени човекови права, особено кога се во прашање најранливата категорија на мигранти. Криумчарењето мигранти го вршат организирани криминални групи со локална логистичка поддршка во најголем број случаи. Во криумчарењето се вклучени и членови на криминални групи од државите од каде потекнуваат бегалците и мигрантите, првенствено од Авганистан и Пакистан кои се дел од поголеми организации кои делуваат на регионално ниво, Во поново време сведоци сме на фактот дека во криумчарење на мигранти се почеста е соработката со припадници на полицијата.

Криумчарењето мигранти произлегува од нерегуларната миграција, поради тоа државите примарно го третираа како прашање од безбедносен карактер, а потоа од аспект на заштита на правата на жртвите на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Еден од предизвиците на земјата беше ефикасно обезбедување на границите како основен предуслов за превенција и спречување на прекуграничниот криминал. Друг предизвик на земјата беше во обезбедување на заштита на лицата кои се јавуваат како жртви на криумчарење на мигранти во кои како жртви се јавуваа бегалци и мигранти. Ова претставува комплексен предизвик кој покрај институционални механизми и ефективни политики за справување со криумчарењето, вклучува и воведување и зајакнување на механизми на заштита и обезбедување правда, ресоцијализација и превенција на секундарна виктимизација на жртвите на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.[6]

Нашето кривично законодавство ги инкриминира дејствијата на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Со измените во Кривичниот закон во 2004 година, воведен е нов член 418 б – криумчарење со мигранти. Во 2008 година извршени се измени на КЗ во делот на санкциите на кривичното дело трговија со луѓе и криумчарење на мигранти. Со закон за измени и дополнувања на КЗ додаден е нов став во членот 418 б со кој се зголемува казната за службено лице.[7] Во 2018 година извршени се измени на Кривичниот законик со кои е предвидена изрична одредба за неказнување на жртвата

[5] Извештај за трговија на мигрантските рути до Европа на ICMPD, 2018, стр.62-63

[6] Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија-Извештај, Македонско здружение на млади правници,2019, Скопје, стр.25

[7] Кривичен законик (Сл.весник на РМ бр 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14).

на кривичното дело трговија со луѓе (член 418-а, став 7) и кривичното дело трговија со деца (член 418-г, став 8).[8]

Криумчарење на мигранти спаѓа во дела против човечноста и меѓународното право. Во членот 418 б став 1 се инкриминирани дејствијата: „Тој што со сила или со сериозна закана дека ќе нападне врз животот или телото, со грабнување, измама од користољубие, со злоупотреба на својата службена положба или со искористување на немоќта на друг илегално пренесува мигранти преку државна граница, како и тој што прави, набавува или поседува лажни патни исправи со таква цел ќе се казни со затвор најмалку четири години“. Во ставот 2 од една до пет години ќе се казни тој што врбува, превезува, купува, продава засолнува или прифаќа мигранти. Потешките облици на кривичното дело (став 3) ако е загрозен животот или здравјето на мигрант или со него се постапува на понижувачки суров начин или се спречува да ги користи правата што му припаѓаат според меѓународното право, став четири ако делото е сторено со малолетници или став пет ако е сторено од страна на службено лице ќе се казни со најмалку осум односно 10 години.

**Трговија со луѓе**

Последните години од минатиот и почетокот од овој век се одбележани со појавата на трговија со луѓе. И наместо развојот и современ живот да го „убива“ ваквиот проблем, се случува токму спротивното, старото зло од ден на ден сè повеќе оживува и добива на сила. Трговијата со луѓе е комплексен, општествен, повеќе димензионален криминален и социјален проблем, со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвате на трговија со луѓе. Како форма на организиран криминал, трговија со луѓе ги нарушува и уставните и законски начела и стандарди на современото демократско општество.[9]

Законската рамка на РСМ доживеа повеќе промени кои одеа во прилог на зајакнување на борбата против трговија со луѓе. Слободно може да се каже дека нашата земја со своето законодавството ги задоволи меѓународните стандарди за успешно справување со трговија со луѓе со што се качи на едно повисоко ниво во споредба со некои земји на Балканот. Со измените и надополнувањата на КЗ на РМ, поимот трговија со луѓе е ставен во кривични дела против човечноста и меѓународното право со воведување на нов член 418-а кој гласи:

*„Тој што со сила, сериозна закана доведува во заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојбата на бременост слабост или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице има контрола на друго лице или на друг начин врбува, превезува, пренесува, купува, продава, засолнува или прифаќа лица заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување или нему сличен однос или недопуштено пресадување делови од човековото тело ќе се казни со казна затвор најмалку четири години.“*

---

[8] Камбовски,В., Лажетиќ,Г. Насоки за примена на начелото за неказнување на жртвата, на трговија со луѓе и трговија со дете, 2020 Скопје, стр 5.

[9] Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и ранливи групи, Здружение на граѓани за за еднакви можности “Еднаков пристап“Скопје 2012

Ставот 4 го дефинира потешкиот облик на делото воведен со измените и дополнувања на КЗ во 2008 година каде ако делото е сторено од страна на службено лице во вршење на службата сторителот ќе се казни со најмалку осум години затвор, како и измени во описот на битието на делото каде што за овозможувачот на кривичното дело или за корисникот се бара да знаел или бил должен да знае дека лицето е жртва на трговија со луѓе. Со истата измена воведено е ново кривично дело во членот 418- г од КЗ „Трговија со дете“ . Во 2009 година со измени и дополнувања на КЗ се воведе построго казнување согласно Европската конвенција за борба против трговија со луѓе.[10]

Други кривични дела кои можат да произлезат или претходат на кривичното дело трговија со луѓе, а се инкриминирани со нашиот Кривичен закон се: Засновање на ропски однос и превоз на лица во ропски однос, криумчарење мигранти, организирање група и поттикнување на извршување акти на трговија со луѓе, криумчарење мигранти и трговија со деца.

Трговијата со луѓе е начин на заведување, измамување, принудување или на поинаков начин преселување на луѓе од нивниот дом или држава, кои понатаму се принудени да работат со или без ниска плата по експлоататорски услови. Жртвите на трговија со луѓе можат да бидат искористувани во разни ситуации меѓу кои проституција, питачење, присилна работа или ропство поради долг и други форми на ропство. И трговија на деца е форма на трговија со луѓе тука спаѓа продажба на бебиња и деца за посвојување. Секоја година во Европа се продаваат скоро 200 000 поединци, од кои повеќе се жени и девојки што се присилени во проституција. Посебно е опасноста за девојки и млади жени на кои им се ветува добра работа или студии, а потоа се наведуваат да станат проститутки. Криминалците од тоа профитираат, па се смета дека во денешно време трговијата со луѓе претставува трета најпрофитабилна криминална активност веднаш по трговијата со дрога и оружје.[11] Трговците со луѓе им ги кршат основните човекови права на жртвите, слобода на движење, слободен избор, слобода на контролирање на сопственото тело и на духот итн. Трговијата со луѓе е феномен кој постои во целиот свет и секоја година неколку илјади лица стануваат нејзини жртви. Економската нестабилност, падот на животниот стандард, ниското ниво на јавна свест и непознавање на последиците придонесуваат за раст на нелегалните активности на мрежата на криминалот и уште повеќе го зголемуваат делувањето на трговците со луѓе.[12]

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ), како меѓувладина организација од Повелбата на Обединетите нации, е една од водечките органи за борба со овој феномен, која делува на територија на Северна Америка, Европа и Централна Азија. Од 1 јануари РСМ официјално го започна претседавањето со ОБСЕ. Под слоганот „За луѓето се работи“ фокусот на македонското претседавање е ставен врз хуманата безбедност во ера на регионална и глобална несигурност и нестабилност.[13]

---

[10] Кривичен законик (Сл.весник на РМ бр 80/99, број 4/2002 година, број 43/2003, број 19/2004, број 81/2005, број 60/06, број 73/06, број 7/08, број 139/08, број 114/09, број 51/11, број 135/11 185/11, број 142/12, број 166/12, број 55/13, број 82/13, број 14/14, број 27/14, број 28/14, број 115/14 и број 132/14.

[11]https://www.unodc.org/romena/en/human-trafficking-and-migrant-smuggling.html?fbclid=IwAR0BJNghCSrkQe8pL7pz0bOsEFnCRrTSk-cxId-avpR1YOazYyGlTKRgTD0

[12] http://www.cgimk.org.mk

[13] Северна Македонија на чело на најголемата светска регионална безбедносна организација- ОБСЕ | Влада на Република Северна Македонија (vlada.mk)

## Разлики меѓу криумчарење на мигранти и трговија со луѓе

Поради комплексноста на поимите криумчарење на мигранти и трговија со луѓе, заради правилна виктимизација, а пред сѐ заради давање помош на жртвите (ставајќи ги жртвите од трговија со луѓе во посебна категорија поради тоа што го преживуваат) потребно е разграничување на овие две категории. Во суштина, иако произлегуваат една од друга, тие се разликуваат.

Криумчарењето мигранти е поврзано со илегалната миграција, поради што неопходен е премин од една во друга држава, со незаконит влез и со давање паричен надоместок. Криумчарењето мигранти е обезбедување на илегален влез во странска држава на лице кое не е нејзин државјанин. Криумчареното лице сака да биде криумчарено, ако сака може и да го прекине тоа дејство и однапред плаќа за излез од земјата на потекло. Со влегување во саканата држава криумчареното лице се ослободува, престанува неговата врската со организираната група. Но, не секогаш е така, не смее да се заборава фактот дека криумчареното лице многу лесно може да стане жртва на трговија со луѓе.[14]

Трговијата со луѓе може да има меѓународен карактер, но може да биде и од локален карактер. Кај трговија со луѓе нема согласност на жртвата, овде жртвата е принудена, нема избор бидејќи е изманипулирана и економски зависна, експлоатацијата како последица на трговијата трае и понатаму. Овде жртвата плаќа дел или не плаќа ништо и по доаѓање во земјата што ја избрала се воспоставува ропски однос врз неа, бидејќи не може да го напушти криумчарот. Криумчарењето мигранти многу лесно може да премине во трговија со луѓе во зависност од тоа дали организаторите на криумчарење се желни за поголем профит.[15]

## Статистичка анализа за кривични дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти

Република Северна Македонија презема значајни мерки во борбата против трговија со луѓе и илегална миграција. Откриени се голем број случаи на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти по кои е покрената кривична постапка. Дел од нив се завршени со правосилна пресуда. Сепак во Годишниот извештај на Стејт департментот, РСМ е оценета дека не ги исполнува целосно минималните стандарди за отстранување на трговија со луѓе.

Во текот на 2020 година, не се откриени кривични дела „трговија со луѓе“ и „трговија со дете“, за разлика од 2019 кога беа регистрирани пет кривични дела „трговија со дете“.

Во однос на криумчарење на мигранти во 2020 откриени се 95 случаи или 14 повеќе од минатата година кога беа откриени 81 случај. Мерки на кривичен прогон се преземени против 91 лице за сторени 65 кривични дела „криумчарење на мигранти“. Во однос на сторителите, најбројни се државјаните на Северна Македонија, а десет се странски државјани. Со реализираните случаи, спречено е криумчарење на вкупно

[14] Трговија со луѓе и криумчарење мигранти, UNODC, февруари 2014,стр.5
[15] Сопронов А. 2015, Поимно и терминолошко разграничување на трговија со луѓе од други девијантни појави.

2.723 мигранти, чиј број бележи позитивен тренд на зголемување за 78% во споредба со 2019 година.[16]

Според статистичките податоци во текот на 2021 година, идентификувани се 48 жртви на трговија со луѓе од кои 36 се од машки пол и 12 од женски пол меѓу кои и 6 деца. Според видот на експлоатацијата најголем дел од жртвите се трудово експлоатирани. Во однос на преземени мерки за кривичен прогон и 2021 година како и 2020 не се регистрирани кривични дела од областа на трговија со луѓе.

Во делот на криумчарење на мигранти откриени се 64 случаи, во кои се криумчарени 815 мигранти. Како земја на потекло најчести се: Пакистан со 254, понатаму Куба, Индија, Сирија итн...Сузбиени се и две организирани криминални групи кои делувале на национално ниво и кои со две лица од Блискиот Исток организирале криумчарење на мигранти од Блискиот и Средниот Исток. Од вкупно пријавените лица од овие две криминални групи за кривични дела организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетни лица и криумчарење на мигранти се пријавени 12 сторители.[17]

Кривичните дела трговија со луѓе бележат пораст во споредба со изминатите две години. Во текот на март и јуни 2022 година, регистрирани се два случаи и тоа во првиот случај се повеќе лица од женски пол (државјанки на Република Северна Македонија, Русија, Украина и Р. Србија). Против шест лица, преземени се мерки на кривичен прогон за сторени три кривични дела „трговија со луѓе“. Откриени се пет случаи трговија со дете. За пријавените случаи, регистрирани се седум кривични дела „трговија со дете“, а мерки на кривичен прогон се преземени против 13 лица.

Во однос на кривично дело криумчарење мигранти (зголемен е бројот на откриените случаи, кривичните дела и сторители и бројот на спречени криумчарени мигранти) и тоа бројот на откриените случаи – 107 е зголемен за 67,2%, а бројот на спречени мигранти за речиси 80%. Со реализираните случаи спречено е криумчарење на вкупно 1 454 мигранти, а според структурата доминираат мигрантите од: Сирија 759, Пакистан 405, Индија, Авганистан и Куба. Во рамки на откриените случаи сузбиена е организирана криминална група од 13 члена.[18]

**Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**

Владата на Република Македонија во 2001 година донесе одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција.[19] Согласно одлуката донесено е и решение за именување на Национален координатор и членови на Комисијата.[20] Националната комисија има меѓуинституционален состав, односно нејзината работа вклучува членови на Министерство за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за надворешни работи, Министерство за правда , Јавното обвинителство и судовите. Главни цели на комисијата е да ја следи и анализира состојбата со трговија со луѓе и илегална миграција, да ги координира активностите на надлежните институции и да соработува со меѓународни и невладини

[16] Годишен извештај 2020 kopi.pdf (mvr.gov.mk)
[17] Годишен извештај 2021 (mvr.gov.mk)
[18] Годишен извештај 2022 (mvr.gov.mk)/
[19] Одлуката е објавена во Службен весник на РМ бр.18/2001
[20] Решението е објавено во Службен весник на РМ бр.19/2001

организации кои се вклучени во решавање на проблемите од областа на трговија со луѓе. Во рамките на Комисијата има Секретаријат и подгрупа за борба против трговија со деца, со задача да ги спроведуваат одлуките на Комисијата и да ја координираат соработката со меѓународните и невладини организации кои се вклучени во борбата против трговија со луѓе. а во 2013 година формирани се 6 локални комисии, кои се стационирани во Тетово, Битола, Штип, Прилеп, Велес и Гевгелија. Во досегашното свое работење Комисијата има иницирано и предложено на Владата измени на КЗ и други закони, пружање заштита на жртвите, инкриминирани се делата криумчарење на мигранти, организирање на група за поттикнување и извршување на дела трговија со луѓе, трговија со малолетни лица, донесени се Оперативни процедури за постапување со жртвите, формиран е државен центар за прифаќање и засолнување на жртви од трговија со луѓе, институционализира е Националниот механизам за упатување итн.

Националната комисија постојано е отворена за комуникација со сите меѓународни и домашни партнери кои можат да дадат придонес во борбата со трговија со луѓе.[21]

**Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе**

Во согласност со интересите и напорите на меѓународната заедница за заедничко дејствување на трговијата со луѓе и имплементација на Националната програма за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Министерството за труд и социјална политика од септември 2005 година успешно функционира Канцеларијата на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе како проект на Министерството за труд и социјална политика и Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во соработка со Мисијата на OBSE во Скопје.[22] Целта на овој проект е да го зајакне капацитетот на државата за обезбедување адекватна идентификација, помош и заштита, базирани на меѓународните човекови права, на сите жртви на трговија со луѓе, особено на малолетниците, без оглед на националност, етничка припадност, возраст и пол. Во овој проект се вклучени Центрите за социјална работа, локалните институции, невладини организации, Сојузот на организации на социјални работници и комисии за родова рамноправност од единиците на локалната самоуправа. Канцеларијата за упатување промовира добра пракса на демократско градење на институции, преку унапредување и координација на ефективни врски помеѓу државните институции и граѓанското општество, но исто така ги информира јавноста и државните органи дека е потребно менување на перцепцијата за трговија со луѓе, со цел да се сфати дека трговијата со луѓе е флагрантно кршење на основните човекови права на жртвата.[23]

**Домашна регулатива за регулација на мигрантската криза**

Националните интереси на секоја држава па и на РСМ се од битно значење за земјата, па затоа се земаат како основа за регулирање на мигрантските текови. Како потписничка на Конвенцијата за акција против трговија со луѓе, Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, и подоцна Протокол за

[21] http://nacionalnakomisija.gov.mk/

[22] Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, Скопје, 2005-2006, Одделение за унапредување на рамноправност помеѓу половите, стр.12

[23] http://mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx

превенција, сузбивање, и казнување на лица особено жени и деца со кој се дополнува Конвенцијата против транснационален организиран криминал во 2000 година, РСМ започна процес на усогласување на своето законодавство со меѓународните стандарди кои ја регулираа оваа област и тоа во законот за Кривична постапка, Законот за странци, Законот за меѓународна и правна заштита.[24] Подоцна се донесени и усогласени подзаконски акти од областа на азил, влез, движење, престојување на странци, нивно враќање и прогон, контрола на државните граници, визен режим итн.

Во текот на минатата 2022 година тимот на ГРЕТА[25] во својот трет извештај за еволуација на РСМ[26] го поздравија напредокот на Северна Македонија во развојот на законодавната рамка за борба против трговијата со луѓе, но во исто време бараат подобра имплементација, подобар пристап на жртвите до правда и ефективни правни лекови. Во Законот за странци од 2018 година, додадена е одредба кој предвидува период на закрепнување и рефлексија, вметната е конкретната одредба за неказнување на жртвите на трговија со луѓе која беше инкорпорирана во Кривичниот законик. Во ноември 2022 година донесен е Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилен криминал, со кој се воведува државен надоместок за жртвите на трговија со луѓе. Воспоставен е национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција во рамките на Канцеларијата на Народниот правобранител како едно од клучните достигнувања во поглед на независно, вонинституционално видување, следење и оценување на состојбата со трговија со луѓе во РСМ. Во 2018 година формирана е Национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force).[27]

Поважни закони кои ја регулираат материјата за заштита на мигрантите и кривични дела поврзани со нив се:

- Закон за кривична постапка (15/97,44/2002,74/2004,83/2008 и 67/2009, 150/10),
- Закон за надворешни работи (Сл. весник на РМ бр.46/2006),
- Закон за странци (Сл. весник на РМ бр.35/2006...2019). Подзаконски акти кои произлегуваат од законот се: Правилник за странци, Правилник за патни и други исправи за странци, Правилник за начин на издавање на визи, Правилник за куќен ред на прифатилишните центри и др.
- Закон за азил и привремена заштита (Сл. весник на РМ 19/2009)
- Закон за вработување и работа на странци ( Сл. весник на РМ бр.70/2007)
- Закон за социјална заштита и измени на законот од 2007 – 2014 година и подзаконските акти на законот: Правилник за стандардите за прифаќање на баратели на право на азил, Правилник за начинот на згрижување и сместување

[24] Извештај, Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија, 2019. Скопје. Македонско здружение на млади правници, стр.13

[25] Групата експерти за акција против трговијата со луѓе (ГРЕТА) е независно тело кое го следи начинот на кој државите ја спроведуваат Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе.

[26]https://rm.coe.int/greta-evaluation-report-on-north-macedonia-third-evaluation-round/1680aaa573

[27] [Извор: Влада на РМ – План 3-6-9, стр.7, датум: јули 2017 година] Владата на 39-та седница одржана на 17.11.2017 година, како што беше објавено на нејзината официјална веб – страница, ја разгледала и усвоила информацијата за формирање на национална единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, со склучување на меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство на Република Македонија, во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

на малолетни лица без придружба и ранливи категории на лица со признаено право на азил во РСМ,
- Закон за државјанство на РМ (Сл. весник на РМ бр.45/2004),
- Закон за надзор на државната граница (Сл. весник на РМ бр.88/2009).

Резолуција за миграциска политика на РМ 2009-2014 година (Сл. весник на РМ бр.6/2009)

Закон за соработка на РМ и Меѓународниот кривичен суд за гонење на лица одговорни за сериозни повреди на меѓународно хуманитарно право извршени на територија на поранешна Југославија (Сл. весник на РМ бр.73/2007) и др.

## ЗАКЛУЧОК

Миграцијата е појава која постои во целиот свет. Таа се случува заради позитивни, но и заради негативни фактори. Затоа е потребно да се стремиме кон тоа, да се намалат негативните фактори поради кои се случува миграцијата. Најчесто тоа е заради воени конфликти кои придонесуваат населението од државите во кои се случуваат тие конфликти, да се исели и да бара ново место за живеење.

На патот кон подобар живот најчесто ги користат нелегалните рути свесно ставајќи се под зголемен ризик да станат жртви на насилство, експлоатација, изнудување или други видови на злоупотреба од организираните криминални групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.

Република Северна Македонија вложува значителни напори за да ги исполни во целост минималните стандарди за сузбивање на трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, за кое позитивно е оценета во Извештајот на Стејт департментот.

Сепак за да се справиме со оваа проблематика, потребно е да се засили контролата на границите, да се инвестира во правна и полициска кооперација помеѓу државите и да се зголемат напорите за превенција и осуда на криумчарството на мигранти. Треба да се стимулира легална и безбедна миграција и да се обезбедат услови за прифаќање и заштита на мигрантите, според меѓународни правни стандарди. Само преку соработка ефикасни мерки и заштита на правата на мигрантите, можеме да работиме кон превенција на криумчарството и промовирање на хуманитарен и одговорен пристап кон миграцијата.

Ефективните стратегии треба да се фокусираат на превенција, заштита на жртвите, гонење на престапниците и партнерството помеѓу владите, граѓанското општество и меѓународните организации. Со сеопфатно решавање на овие прашања можеме да работиме кон свет каде што правата и достоинството на сите поединци без оглед на нивниот миграциски статус ќе бидат подржани и заштитени.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Арнаудовски, Љ., Стојановски, Т. 2002. „Трговија со луѓе - криминалитет“, Скенпоинт – Скопје.

Baričević, V. (2015). Izbjeglička i migracijska pitanja kao izvor trajne krize Europske unije: neuspjeh europskih politika azila i migracija. Političke analize, 6(23), 3-14.
Камбовски, В. 1997. „Казнено право – посебен дел", Просветно дело, Скопје.
Николоски З. Миграции, контраиндикации или причина за позитивни ефекти, Скопје, 2010 година,
Станојоска, А. 2007/2008. „Поимно разграничување на трговијата со луѓе од други девијантни појави", Годишник на Полициската Академија, Скопје
Сопронов А. 2015, Поимно и терминолошко разграничување на трговија со луѓе од други девијантни појави.
Калач Ј. 2016, Кривично правен аспект на криумчарење мигранти во РМ
Mijalkovic S. Petrovic I., 2016, Bezbednosni rizici savremenih migracija, Univerziteta Union – Nikola Tesla Fakultet za međunarodnu politiku i bezbednost, Beograd
Национална стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во РСМ 2017-2020, Влада на РСМ,
Прирачник за идентификација и директна помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе и и ранливи групи, Здружение на граѓани за за еднакви можности "Еднаков пристап"Скопје 2012
Трговија со луѓе и криумчарење на мигранти во Северна Македонија, 2019. Скопје, Македонско здружение на млади правници,
Годишен извештај на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија за 2016 година
Годишен извештај на Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2016 година
Извештај за трговија на мигрантските рути до Европа на ICMPD, 2018,
Maksimova E, Criminal and Criminological aspects of trafficking in human beings and other crimes related to the foreigners illegal status in the Republic of Macedonia, str.155
UN, Report of the International Conference on Population and Devolopment, 1994
Камбовски,В., Лажетиќ,Г. Насоки за примена на начелото за неказнување на жртвата, на трговија со луѓе и трговија со дете, 2020 Скопје.
Кривичен законик „Службен весник на Ре- публика Македонија" број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13),
Закон за кривична постапка (15/97,44/2002,74/2004,83/2008 и 67/2009, 50/10).
Закон за странци (Сл. весник на РМ бр.35/2006 и 66/2007).
Правилник за странци, Правилник за патни и други исправи за странци,
Правилник за начин на издавање на визи
Правилник за куќен ред на прифатилишните центри и др.
Закон за азил и привремена заштита(Сл. весник на
Закон за вработување и работа на странци ( Сл. весник на РМ бр.70/2007)
Закон за социјална заштита и измени на законот од 2007,
Закон за државјанство на РМ(Сл. весник на РМ бр.45/2004)
Закон за надзор на државната граница (Сл. весник на РМ бр.88/2009)
Законот за исплата на паричен надоместок на жртвите на насилен криминал,
Годишен извештај 2020 kopi.pdf (mvr.gov.mk)
Годишен извештај 2021 (mvr.gov.mk)
Microsoft Word - >48H5= 8725HB0X_2022_D8=0;=0 25@78X0_01 (mvr.gov.mk) Годишен извештај 2022 (mvr.gov.mk)

http://a1on.mk/world/fenomenot-migracija/
http://www.cgimk.org.mk
http://nacionalnakomisija.gov.mk/
http://mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx
https://mvr.gov.mk/default
http://www.mtsp.gov.mk/
http://mon.gov.mk/
http://kultura.gov.mk/
https://www.minisel.gov.mk/
http://www.stat.gov.mk/
https://www.unodc.org/romena/en/human-trafficking-and-migrant-smuggling.html?fbclid=IwAR0BJNghCSrkQe8pL7pz0bOsEFnCRrTSk-cxId-avpR1YOazYyGlTKRgTD0